Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 38, 15 април 2010 година

април 2010 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област информациони системи на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област информациони системи на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 6

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање доцент за наставно-научната област информатика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област информатички технологии на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање асистент за наставно-научната област информатички технологии на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање предавач (специјалист) за наставната област оториноларингологија на студиската програма на Високата здраствена школа при Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 23

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област урологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 26

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Училишна педагогија и училишна организација (избрани поглавија)“ од доц. д-р Соња Петровска, Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 28

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## РЕЦЕНЗИЈА

### НА РАКОПИСОТ „УЧИЛИШНА ПЕДАГОГИЈА И УЧИЛИШНА ОРГАНИЗАЦИЈА (ИЗБРАНИ ПОГЛАВЈА)“ ОД ДОЦ. Д-Р СОЊА ПЕТРОВСКА, ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Со Одлука број 2102-36/55 на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, од 25.3.2010 година, донесена на втората седница, одржана на 22.3.2010. година, определени сме за рецензенти на предложениот ракопис за учебник со наслов ***„Училишна педагогија и училишна организација (избрани поглавја)“*** во авторство на доц. д-р Соња Петровска.

По сеопфатната анализа на предложениот ракопис, на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет со особена чест и задоволство му го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Предложениот ракопис за учебник е со работен наслов **„Училишна педагогија и училишна организација (избрани поглавја)“** и е предвиден да се користи како основен учебник по предметот Училишна педагогија и училишна организација, што го слушаат студентите на Педагошкиот факултет, Оддел за одделенска настава во III семестар, со седмичен фонд на часови 2+2+1, 6 кредитни поени, и како дополнителна литература по предметот Организација на училишна установа, што го слушаат студентите на Педагошкиот факултет, Оддел за одделенска настава во IV семестар, со седмичен фонд на часови 1+1+1, 4 кредитни поени.

Ракописот е напишан на 145 страници. Содржи 3 фигури, 3 прилози, предговор, како и користена литература по секое поглавје.

Иако *училишната организација* е само еден проблем на проучување на *училишната педагогија* како педагошка дисциплина, авторката со право во насловот посебно ја акцентира и училишната организација, бидејќи најголемиот дел од содржините третираат прашања од ова подрачје.

Од содржински аспект, ракописот е структуриран во неколку тематски целини, логички подредени и избрани согласно со содржините предвидени во Наставната програма за предметот Училишна педагогија и училишна организација. Во изборот на темите, освен историскиот пристап, авторката го користи и пристапот на современост и актуелност, што ни дава право да констатираме дека предложениот ракопис ќе им понуди на студентите извонредна можност да се стекнат со предвидените компетенции и активно да се вклучат во сите сфери на училишниот живот.

Содржините се научно втемелени, а стилот е лесно разбирлив со изразена систематичност и постапност во елаборацијата на определени проблеми. За суштинските проблеми низ текстот се поместени прашања кои процесот на учење го прават фокусиран.

Во првата тематска целина, авторката вешто ги елаборира дилемите поврзани со определување на предметот на училишната педагогија, нејзините специфики согласно со општествениот контекст во кој се развива и аргументирано предлага сопствени принципи како водилки во понатамошниот развој на оваа педагошка дисциплина.

Втората тематска целина ги обработува современите теории на училиштето (духовно научна педагогија како теорија на училиштето, структурално-функционална теорија, интеракционистичка теорија, критиката на училиштето во 20 век како теорија). Посебно се нагласува нивниот придонес во современите тенденции на развојот на училиштето како воспитно-образовна институција и односите на линија училиште-општество-училиште.

Третата тематска целина вклучува четири поттеми: *Училиштето како организација, Концепција на модерната теорија на организацијата, Карактеристики на училиштето како организациски систем* и *Организациски функции на училиштето и кадровскиот потенцијал*. Авторката направила успешен обид сознанијата од теоријата на организацијата да ги аплицира на ниво на училишна организација. Училиштето се проучува од

организациски аспект. Од поимите организација, процес, институција, процесни резултати систематично се преоѓа кон објаснување на поимите системски пристап на проучување, проектен пристап и контингенциски пристап. Анализата на функциите на училиштето е вешто направена, а улогите на воспитно-образовниот кадар, посебно на наставникот, во остварување на истите се јасно образложени.

Сметаме дека е посебно значајна четвртата тематска целина, бидејќи ги обработува организациските карактеристики на македонското основно училиште. Една широко прифатена дефиниција за организација, користејќи информации од законската и подзаконската легислатива, како и други државни документи, авторката ја аплицира на организацијата на македонското основно училиште преку давање одговори на прашањата: Што се подразбира под поимот контрола и зошто е потребна контролата? Кој ја врши контролата врз работата на основните училиште во Р. Македонија? Кои се надлежностите на државните и локалните институции во контролата на работата на основните училиште во Р. Македонија? Кои се работните задачи на извршителите на воспитно-образовната работа во основното училиште во Р. Македонија? Што се подразбира под поединечни улоги? Кои се формалните групи и кои се нивните основни задачи? Кои се проектираните цели и принципи на основното образование во Р. Македонија? Кои се карактеристиките на државните наставни планови и програми, според кои работат основните училишта во Р. Македонија?

Во петтата тематска целина – *Содржини и организација на воспитно-образовната дејност во основното училиште во Р. Македонија* се елаборирани утврдените цели и принципи на основното деветгодишно образование во Р. Македонија, како и структурата на воспитно-образовната работа предвидена со државните наставни планови и програми (настава и воннаставни активности).

Шестата тематска целина ги третира прашањата поврзани со улогата на наставникот во планирањето на работата на училиштето и училишниот развој. Во тој контекст се образложени фазите во процесот на развојно планирање и структурните елементи на развојните планови како училишни документи.

Училишната култура и нејзиното значење за ефективноста на училиштето е проблем кој во последниве десетина години го предизвикува интересот и на научниците и на практичарите. Мошне висперно, преку седмата тематска целина авторката ги обработува основните поими поврзани со ова прашање и ги аргументира причинско-последичните односи меѓу училишната култура и ефективноста на училиштето.

Со оглед на тоа што низ текстот постојано провејува идејата на авторката за значењето на тимската работа во училиштето, во последната тематска целина се поместени карактеристиките на тимското работење во училиштен контекст и ефектите од него.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Поднесениот ракопис за учебникот „Училишна педагогија и училишна организација (избрани поглавја)" од доц. д-р Соња Петровска третира избрани проблеми од училишната педагогија и училишната организација, соодветни на програмата по предметот. Во него на оригинален и успешен начин се прави интегрирање на сознанијата од теоријата на организацијата со сознанијата од педагошката наука, со што им се овозможува на идните наставници стекнување на компетенции за работа во училишниот колектив и активна партиципација во развојот на нивното училиште. Предложениот ракопис ги исполнува научните, стручните и педагошките карактеристики за учебно помагало. Втемелен е на референтна домашна и странска литература, како и на долгогодишното практично и научно искуство на авторката.

Согласно со изнесеното, со особена чест и задоволство му препорачуваме на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип **да го прифати позитивно рецензираниот ракопис како редовен учебник и да го одобри неговото печатење**.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, с.р.**
**Доц. д-р Снежана Јованова-Митковска, с.р.**